**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Скопје, март 2019 година

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на ..........2019година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Член 1

Во Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и 164/17), во член 9, став (1), алинејата 2 се менува и гласи:
„- отсуство од три седници на Советот во текот на една година;“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 
2019 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија
Зоран Заев

О б р а з л о ж е н и е

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор е советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија, кое го следи спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка соработка со и развој на граѓанскиот сектор, ја следи и анализира јавната политика која се однесува или влијае на граѓанскиот сектор и може да иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи и да дава мислења по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанскиот сектор. Советот е составен од 31 членови кои ги назначува Владата, од кои 15 членови се од редот на вработените во органите на државната управа,а 16 членови Владата ги назначува на предлог на организациите преку јавен повик.

Согласно Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Советот може да расправа и одлучува кога на седницата се присутни повеќе од половина од членовите на Советот. Со цел обезбедување на континуирана и ефикасна работа на Советот, на 9-та седница одржана на 12.2.2019 година, се формираше работна група за изработка на предлог за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор  и на Деловникот за работа на Советот, во состав: Гордана Гапиќ-Димитровска, Уранија Пировска, Лилјана Јоноски и Зоран Илиевски. Работната група на состанокот одржан на 7.3.2019 година, расправаше во врска со бројот на отсуствата на членовите на седниците на Советот и за неможноста да се процени дали отсуството е оправдано или неоправдано. Советот на 10-та седница одржана на 7.3.2019 година, зазеде став еден од условите за престанок на членувањето во Советот, „неоправдано остутство од седниците на Советот подолго од шест месеци или две последователни седници“ да се замени со „отсуство од три седници на Советот во текот на една година“.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ НА ОДЛУКАТА ШТО СЕ МЕНУВААТ

Член 9

(1) Членувањето во Советот престанува поради:

- лично барање;
- неоправдано отсуство од седниците на Советот подолго од шест месеци или две последователни седници;
- работење спротивно на одредбите од Законот за здруженија и фондации и од деловникот за работа на Советот;
- престанување на исполнетоста на условите од членот 5 став (2) од оваа одлука;
- поради истек на времето за кое се назначени.

(2) На членовите на Советот предложени од органите на државната управа, покрај основите од ставот (1) на овој член, членувањето во Советот им престанува и ако им престанал статусот на вработен или ако настанат промени во работните задачи на вработениот во органот од кој се предложени.

(3) Ако на член на Советот од редот на организациите му престане членувањето во Советот според еден од условите утврдени во став (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член, се објавува нов јавен повик за избор на член за остатокот од времето на назначување за член на Советот.